Врз основа на член 18 од Законот за здруженија и фондации(,,Службен весник на РМ’’бр52/10, 135/11 и 55/16),Основачкото собрание на Здружението на граѓани за правата на малцинските заедници ПОДАРИ ЖИВОТ Скопје, на седницата одржана 10.05.2023година,донесе

## С Т А Т У Т

На Здружението на граѓани за правата на малцинските заедници ПОДАРИ ЖИВОТ Скопје

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој статут се уредуваат:името и седиштето;целите на здружението;дејностите со кои се остваруваат целите; начинот на одлучување за зачленување,исклучување и престанок на членувањето во здружението;правата,обврските и одговорностите на членовите; видот на органите и нивниот состав,начинот на избор и разрешување;траење на мандатот на членовите во органите и начинот на одлучување;застапувањето по закон;начинот на стекнување и располагање со средствата;начинот на донесување на финансиски и други извештаи;начинот на остварување на јавност и отчетност во работата;начинот на донесување,изменување и дополнување на статутот;начинот на одлучување за статусни промени и престанок на здружението;начинот на донесување на планови и програми;постапувањето со средствата и/или имотот во случај на престанок на здружението и други прашања утврдени сп закон,знакот и симболот на здружението;внатрешни организациони форми;начинот на донесување на другите акти;судир на интереси;начин на разрешување на спорни прашања и други прашања од значење за работата на здружението.

**Член 2**

Здружението на граѓани за правата на малцинските заедници ПОДАРИ ЖИВОТ Скопје е граѓанска организација која поведува иницијативи и учествува во градење на јавно мислење и креирање на политиките во областа на образованието,здравството,вработувањето,домувањето,социјалата и др, се залага за решавање на општествените предизвици во областа каде што ќе се појави дискриминација,промовира,информира и реализира активности за унапредување на малцинските заедници.

**Член 3**

Основачи на Здружението на граѓани за правата на малцинските заедници ПОДАРИ ЖИВОТ Скопје се:

1. Менекша Ахмед

2.Мелита Селман